**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА

# ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗА ПЕРИОД 2016/2020 ГОДИНА

Скопје, мај 2016 година

## СОДРЖИНА

**I. СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ**

**II. ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ ЗА ПЕРИОД 2016/2020 ГОДИНА**

1. Цел – Подготовка на ценовници на инженерски услуи
2. Цел – Континуиран професионален развој
3. Цел – Меѓународна и билатерална соработка
4. Цел – Соработка со национални институции
5. Цел – Проекти, обуки и семинари од комерцијален карактер
6. Цел – Промотивни активности,информации и публикации
7. Цел – Подобрување на постојниот информатички систем и воведување на нови функционалности во истиот
8. Цел – Тековни активности

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

# I. СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ

Спроведувањето на стратешките активности на КОАИ треба да бидат во согласност со поставените среднорочни и долгорочни цели на КОАИ, а тоа се:

- Подобрување на општествената позиција на Комората **и зајакнување на присутноста на Комората во стручната и општествената јавност**. Комората, во изминатите години, внатрешно се консолидираше и имаше бројни иницијативи и успешни реализации на проекти. Но, струковите одделенија не успеаја во доволна мера да се наметнат како одлучувачки фактор во општеството за подобрување на состојбата со инженерските струки. Потребен е подинамичен и проактивен однос на раководителите на одделенијата кон горливите прашања со кои се соочуваат инженерите во државата;
- Донесување и одржување на **ценовници на инженерски услуги**. Иако во Законот за градење, уште од 2005 година, јасно е ставено правото: Комората да донесе ценовник за инженерски услуги, за жал најголемите струкови одделенија досега не успеаа да донесат ценовник. Потребен е подинамичен однос кон ова прашање и ставање на рокови за донесување на истиот. Новиот Претседател на Комората, мора во рок од 12-18 месеци од неговото назначување да обезбеди предлог ценовник за архитектите и инженерите;
- **Квалитетот** не може да биде цел, туку средство за постигнување на целта – со квалитетни инженери ќе обезбедиме повисок стандард, односно поквалитетен живот. Во тој контекст, **континуираниот професионален развој**, кој Комората треба да го обезбеди за своето членство, е еден од врвните приоритети на Комората;
- **Транспарентност** во работењето на Комората и вклучување на поголем број членови во телата на КОАИ. Во изминативе години, со струковите одделенија во Комората главно раководат истите лица, кои ја основаа и етаблираа Комората до своето постојно ниво. Комората влегува во фаза каде што е потребно отворање на нашето Здружение кон своето членство и искористување на капацитетите на останатите членови;
- **Подобрување и продлабочување** на соработката и заедништвото меѓу одделенијата во Комората. Сите архитекти и инженери се дел од едно струково семејство и за успех на сите наши членови потребно е поголемо единство и соработка, без доминација на едните над другите;
- Воспоставување на **повисоки стандарди** за членовите на Комората, за нивното место и улогата во општеството;
- Одржување и зајакнување на активностите на Комората со меѓународните здруженија со цел за **взаемно признавање на овластувањата**: Европската асоцијација на инженерски комори (ECEC), Светската федерација на инженерски организации (WFEO) и регионалната група за инженерска соработка (ИИРС);
- Одржување и зајакнување на активностите и **градење на доверба** на Комората со македонските инженерски асоцијации и воспоставување на соработка со другите Стопански Комори и останати граѓански здруженија во државата;

- „**State of the art**“**:** Во своите активности, Комората треба да го следи во чекор степенот на развој на техниката во сите инженерски области и да го пренесува на своето членство;

## II. ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ ЗА ПЕРИОД 2016/2020 ГОДИНА

### 1. Цел – Подготовка на ценовници за инженерски услуги

Неопходно е Комората да се заложи, цената на инженерскиот труд да се доведе на повисоко ниво, преку подговотвката на ценовници за сите инженерски услуги и проектирањето, како интелектуална услуга да не биде предмет на електронска аукција.

**Во Комората е потребно да се формира комисија за проверка на јавните набавки за архитектонски и инженерски дејности. Таа треба да биде своевиден коректив на негативните тенденции во оваа област.**

| Ред. бр. | Активност | Статус | Придобивки |
|---|---|---|---|
| 1. | Ценовнико за урбанистичко плански услуги; | Изработен и доставен до Владата на РМ | Воспоставување на повисоки стандарди за инженерите и праведно и реално валоризирање на инженерскиот труд. |
| 2. | Ценовник за сите инженерски услуги, согласно Законот за градење; | Потребно е да се подготви во рок од 12-18 месеци од назначување на новиот Претседател на комората. | |

### 2. Цел – Континуиран професионален развој

Согласно одредбите од Правилникот за континуиран професионален развој, потребно е во периодот 2016/2020 година, поинтензивен пристап кон организирање на семинари, обуки, стручни предавања, стручни посети, итн. Согласно Правилникот, сите одделенија потрено е да донесат своја годишна програма за континуирано стручно усовршување.

| Ред. бр. | Важни теми | Придобивки |
|---|---|---|
| **1.** | Искуства од примената на Законот за градење и потребите од нов Закон за градење; | Континуирано стручно доусовршување на членството; Стручна надградба на знаењето; Поквалитетен кадар; |
| **2.** | Искуства од примената на Еврокодовите во другите земји; | |
| **3.** | Компаративна анализа од проектанските прописи и стандардите со земјите од регионот; | |
| **4.** | Хармонизација на националната техничка легислатива со европската; | |
| **5.** | Улогата на надзорниот инженер, согласно новиот Закон за градежни производи; | |
| **6.** | Примена на стандардите за градежни производи; | |

### 3. Цел – Меѓународна и билатерална соработка

| Ред. бр. | Активност | Придобивки |
|---|---|---|
| 1. | **Соработка со меѓународните и европските инженерски Комори:** | Взаемно признавање на овластувањата;<br><br>Размена на информации, знаења и искуства;<br><br>Вклучување на членовите на меѓународните средби со свои трудови; |
| | • Европската асоцијација на инженерски комори (ECEC)<br>- Домаќин на годишното Собрание во 2017г. | |
| | • Светската федерација на инженерски организации (WFEO) | |
| | • Регионалната група за инженерска соработка (ИИРС) | |
| 2. | **Билатерална соработка со Коморите од регионот** | |
| | • Потпишување на спогодби за соработка; | |
| | • Размена на информации, организација на заеднички средби и работилници; | |

### 4. Цел – Соработка со национални институции

| Ред. бр. | Активност | Придобивки |
|---|---|---|
| 1. | **Соработка со инженерски институции:** | |
| | • Гледајќи ги активностите на Комората во изминатите години, постои простор за подобрување на соработката на Комората со дел од другите видни инженерски здруженија. Соработката треба да продолжи и да се продлабочи со сите останати стручни здруженија, бидејќи целта на сите нив треба да е единствена. | Збогатување со нови искуства и информации |
| | • Натамошна соработка со Инженерската институција како коорганизатор на манифестацијата „Инженерски прстен“ треба и понатаму да продолжи; | Стимулирање на млади квалитетни кадри |
| 2. | **Соработка со министерствата, органите во состав на министерствата, и другите тела формирани од Владата на Република Македонија** | Квалитетни законски решенија и примена на стандарди |
| | • Учество во изработка на законски решенија;<br>• Иницирање на измени и дополнувања на законски и подзаконски акти; | |

| | | |
|---|---|---|
| | • Активно учество во органите на управување во Институтот за стандардизација на РМ и во Техничките комитети во ИСРМ како на национално така и на европско и меѓународно ниво; | |
| **3.** | **Соработка со локалната самоуправа** | Повисок стандард |
| **4.** | **Соработка со стопански комори, јавни и образовни институции, здруженија и други асоцијации:** | Размена на информации |
| | • Организација на заеднички средби и работилници; | |
| | • Организирање на средби со студенти; | |
| | • Активно членство во стопанските комори, здруженија и други институции; | |

**5. Цел – Проекти, обуки и семинари од комерцијален карактер**

| Ред.бр. | Активност | Придобивки |
|---|---|---|
| **1.** | Едукативни семинари од комерцијален карактер | Дополнителен основ за финансирање |
| **2.** | Подготовка на предлог проекти и аплицирање во ЕУ фондовите:<br>• IPA<br>• TAIEX<br>• ERASMUS + | |

**6. Цел – Промотивни активности, информации и публикации**

Комората ќе продолжи со поддршката на издавачката дејност и понатамошно публикување на списанието „Пресинг“ и ќе се стреми тоа да биде списание со поквалитетна стручна содржина.

**7. Цел – Подобрување на постојниот информатички систем и воведување на нови функционалности во истиот**

| Ред.бр. | Активност |
|---|---|
| **1.** | Воспоставување на електронска архива; |
| **2.** | Интеграција на компјутерскиот систем со системот за електронски градежни дозволи; |
| **3.** | Интеграција на компјутерскиот систем со системот на Министерството за економија за издадени сертификати за градежни производи на пазарот и именувани тела за издавање на истите; |
| **4.** | Одржување на интернет страницата; |

**8. Цел – Тековни активности**

| Ред.бр. | Активност |
|---|---|
| **1.** | Издавање, продолжување и одземање на овластувања; |
| **2.** | Месечни регионални активности на членството; |
| **3.** | Доделување на четири награди кои ги носат имињата на истакнати инженери; |
| **4.** | Сите активни членови да бидат и понатаму осигурани од професионална одговорност; |
| **5.** | Издавање на сертификати (CPD) со поени за посетените предавања и обуки организирани од Комората; |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Поради одржлив долгорочен успех, покрај основното финансирање, неопходно е Комората да изнајде нов извор на финансирање и тоа средства добиени од домашни и странски проекти и финансиски фондации.

Понатаму, како дополнителен извор на финансирање на Комората би биле средства од котизација за присуство на одредени стручни семинари. Неопходно е да се подготви план за семинари од комерцијален карактер , наменет за разни видови институции.